До
Државна комисија за одлучување во управна постапка
и постапка од работен однос во втор степен

# П Р И Г О В О Р

од: Иван Ивановски со ЕМБГ 1203998999999 и место на живеење ул. Цветан Димов бр.52, Скопје, студент на додипломски студии на Филозофскиот факултет – Скопје

Предмет: Приговор на резултати од Конкурс за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2023/2024 година

Приговарам на Решението со број 19-1602/736 на Министерството за образование и наука од 08.03.2024 година доставено на мојата корисничка сметка на порталот „е-услуги“.

Иако ги исполнувам сите услови кои се бараат во конкурсот за доделување стипендии, според Решението и образложението во него, не се стекнав со правото на користење стипендија. Во Решението е наведено дека „студентот нема доставено целосна документација при аплицирањето“. Меѓутоа, јас го исполнувам тој услов, односно во електронската апликација ги прикачив сите потребни документи што се бараат согласно Конкурсот.

Како доказ, сите документи може да се проверат и разгледаат во електронската апликација што ја имам испратено на ден 04.12.2023 година (број на апликација 5423).

Оттука, го изразувам своето незадоволство и приговарам на Решението. Барам овој приговор да биде разгледан и се надевам дека одлуката ќе биде изменета.

подносител на приговорот
Иван Ивановски

Скопје
11.03.2024

______________________
(своерачен потпис)

META.MK